

ИЗДАНИЕ БР.44,
МЕСЕЦ ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИСТОРИСКИ БУМ

ЗАВРШУВА ПОСЛЕДНАТА И ТРЕТА ФАЗА, СО КОЈА ОД СЕГА НАСЕЛБА БРУШАНИ ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО ПОКРИЕНА СО ВОДОВОДНА ЛИНИЈА. ПОСЛЕ 40 ГОДИНИ ГРАЃАНИТЕ КОИ ИМААТ ВИКЕНДИЦИ ВО НАСЕЛБАТА ИМААТ ПРИКЛУЧОК КОН ВОДОВОДНА МРЕЖА, А ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРИКЛУЧОЦИ ВО ТРИТЕ ФАЗИ Е 550. ВРЕДНОСТА НА ДОГОВОРОТ Е 21.901.643 ДЕНАРИ ОД ТАВ ПРОГРАМАТА, А ТРЕТАТА ФАЗА Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗНОС ОД 2.299.760,60 ДЕНАРИ.

КАКО ШТО Е ВЕТЕНО, ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ОД БРУШАНИ КОН РЕСАВСКИ ЗАЛИВ ОДНОСНО КАЈ РЕСТОРАН ЛУЛЕ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА ГРАЃАНИТЕ И ОД ОВОЈ ДЕЛ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРИКЛУЧАТ КОН ВОДОВОДНАТА МРЕЖА. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е 3.184.869 ДЕНАРИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И 1.800.000 ДЕНАРИ ОД БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПРВПАТ СЕ ВПУШТА ВО ВАКВА ИНВЕСТИЦИЈА СО КОЈА И БРУШАНИ И РЕСАВСКИ ЗАЛИВ ЌЕ БИДАТ ВОДОСНАБДЕНИ СО ВКУПНО 800 ПРИКЛУЧОЦИ.





ЗАПОЧНА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА СО „НУЛА ОТПАД" ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ.

ПРИСТИГНАА ДЕЛ ОД КОРПИТЕ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА БАТЕРИИ КОИ СЕ ПОСТАВЕНИ ВО СИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО КАВАДАРЦИ.

ИСТО ТАКА ЌЕ СЕ ОБЈАВИ И ЕКО ЛИНИЈА НА КОЈА ШТО ГРАЃАНИТЕ КОИ ШТО ИМААТ ТАКОВ ВИД НА ОТПАД ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ОСТАВАТ СВОИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТИТЕ ДА БИДАТ ПРЕЗЕМЕНИ ОД НИВНИТЕ ДОМОВИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА УЛ. КЛИНСКА, ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВРШЕШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА ПОТЕГ ОД 60 МЕТРИ И КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА ОД 55 МЕТРИ, СО ЦЕВКИ Ф 315.





СО УРИВАЊЕ НА СТАР ОБЈЕКТ НА УЛ. „8 МАРТ" СПОЈ СО УЛ.„СТРАШО ПИНЏУР", ЌЕ СЕ РЕШИ 40 ГОДИШЕН ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ГРАВИТИРААТ НА ОВАА УЛИЦА. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН, ЌЕ СЕ НАПРАВИ БЕЗБЕДНО СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ СО СООДВЕТНА ШИРИНА, ОДНОСНО СООБРАЌАЈНИЦА ОД 5 МЕТРИ СО ПРОБИВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ, ЗА НА КРАЈ ИСТАТА ДА СЕ АСФАЛТИРА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ПОВОД НАВРШУВАЊЕТО 80 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО КУСТОС ИСТОРИЧАР ОД МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ, БЕА ДЕЛ ОД ЧЕСТВУВАЊЕТО КОЕ СЕ ОДРЖА ВО ВОЗДУХОПЛОВЕН ВИНГ „СТРАШО ПИНЏУР" ВО ПЕТРОВЕЦ, СКОПЈЕ.



ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ!

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЦРВЕН КРСТ ОО КАВАДАРЦИ, ГО ПОТПИШАА НОВИОТ ДОГОВОР ЗА ГРАНТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 12 000 000 ДЕНАРИ.

ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЦРВЕН КРСТ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО СВОЈСТВО НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ. УСЛУГАТА ОБЕЗБЕДУВА ПОМОШ ВО ВРШЕЊЕ НА ОСНОВНИ (ЛИЧНА ХИГИЕНА, ОБЛЕКУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ ВО ДОМОТ, ХРАНЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ ТОАЛЕТ, МЕНУВАЊЕ НА ПЕЛЕНИ) И ИНСТРУМЕНТАЛНИ (ПОДДРШКА ПРИ ЧИСТЕЊЕ, ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ПОПРАВКИ, ПЕРЕЊЕ, ГОТВЕЊЕ, КУПУВАЊЕ ПРОДУКТИ, НАДВОРЕШНА МОБИЛНОСТ, ЗЕМАЊЕ МЕДИЦИНСКА ТЕРАПИЈА) АКТИВНОСТИ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ДО 80 ЧАСА МЕСЕЧНО, ЗА ЛИЦА СО НАМАЛЕН ФУНКЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ КОИ НЕ МОЖАТ САМИ ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА СЕБЕ, СО ЦЕЛ ДА ПРОДОЛЖАТ ДА ЖИВЕАТ ВО СОПСТВЕНИОТ ДОМ И ДА ВОДАТ НЕЗАВИСЕН ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА. УСЛУГАТА ОПФАЌА ДО 100 СТАРИ ЛИЦА, КОИ ЌЕ ЈА ДОБИВААТ УСЛУГАТА СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ. („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ" БР.268/2019).

ТРОШОЦИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА ВО ВИСИНА ДО 1.673.000 ДЕНАРИ, А ВКУПНО ТРОШОЦИ ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА ПО ПРОЕКТИРАН БРОЈ НА ПРИМАТЕЛИ НА УСЛУГАТА Т.Е. СОГЛАСНО БРОЈОТ НА НЕГОВАТЕЛИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА 12 МЕСЕЦИ ВО ВИСИНА ОД МАКСИМАЛЕН ИЗНОС ДО 9.216.000 ДЕНАРИ..

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНО ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА БУЛЕВАР „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" НА КОЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, СЕ РЕПАРИРАА ПОСТОЕЧКИТЕ, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ИСТОТО СЕ ОГРАДИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ





ЦЕЛОСНО Е ЗАВРШЕНО ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА БУЛЕВАР „НИКОЛА МИНЧЕВ" (КАЈ ФОНТАНА НА ВИНОТО) НА КОЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, СЕ МОНТИРАА НОВИ И РЕПАРИРАА СТАРИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ЗАШТИТНИ ОГРАДИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ!





КОМПЛЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВАТА ПРИСТАПНА УЛИЦА ДО ПАМ ТРАК ПАТЕКАТА.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ.



АИРЛИЈА НЕКА Е!

ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНА ЈАВНИОТ УЧИЛИШЕН ПРЕВОЗ ВО РАМКИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ, ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НО И ОД ОПШТИНИТЕ НЕГОТИНО И РОСОМАН, КОИ ПОСЕТУВААТ НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ КАВАДАРЦИ.

СТАНУВА ЗБОР ЗА ВКУПНО 472 УЧЕНИЦИ ОД ТРИТЕ СРЕДНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, КАКО И 162 УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЛИЛИШТА „СТРАШО ПИНЏУР" И „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО".





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДОБРИТЕ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ ОВОЗМОЖИЈА ДА СЕ ПРОДОЛЖИ СО ИНТЕНЗИВНИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА". УЛИЦАТА Е КОМПЛЕТНО ПРОБИЕНА И ЌЕ СЕ ПРИСТАПУВА СО ИЗРАБОТКА НА НОВИТЕ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ СО ЦЕЛ СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ИСТАТА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА КАКО И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.



МИХАЈЛОВО И ДЕЛ ОД КОЖУВ ПЛАНИНА СЕ РАЗБУДИЈА ВО СНЕЖНА ПОКРИВКА. СНЕГОТ КОЈ ЗАПОЧНА ДА ПАЃА, ОФОРМИ СНЕЖНА ПОКРИВКА ОД 3 ДО 5 САНТИМЕТРИ. ПАТОТ Е ВО ЦЕЛОСТ ПРООДЕН, ПА СИТЕ ОНИЕ КОИ САКААТ ДА УЖИВААТ ВО ЗИМСКАТА ИДИЛА, МОЖАТ ДА ГО ПОСЕТАТ ОДМОРАЛИШТЕТО .





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА УЛ. „ЈАДРАНСКА" ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ СО ЦЕВКИ Ф250. ИСТАТА Е РЕАЛИЗАЦИЈА ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ И ИНВЕСТИТОР Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ





ПРОДОЛЖУВА ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА УЛИЦИ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ.
СЕ ПОПЛОЧУВААТ УЛИЦИ НА ПОВРШИНА ОД 900М2 , КОИ СЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ



ПОЧЕТОК НА НОВА ДЕЛНИЦА.
ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕВКИ Ф800 НА БУЛЕВАР „НИКОЛА МИНЧЕВ" СПОЈ СО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР. И ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЖИКОЛ.





ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛЕВАР „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА „КРСТЕ МИСИРКОВ" (КАЈ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ), СЕ ПОСТАВИ И ЗАШТИТНА ДРВЕНА ОГРАДА ПО БАРАЊЕ НА СТАНАРИТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП







ДО 30 ЈАНУАРИ ГОДИНАВА НА НОВАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБАТА БРУШАНИ СЕ ПРИКЛУЧЕНИ 230 НОВИ ПРИКЛУЧОЦИ, А НИВНИОТ БРОЈ ПОСТОЈАНО СЕ ЗГОЛЕМУВА. ВО ТЕК Е И ПОСЛЕДНАТА ТРЕТА ФАЗА, СО КОЈА ОВАА НАСЕЛБА ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО ПОКРИЕНА СО ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРЕД И ПОТОА!
РЕКОНСТРУКЦИЈА ВО О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ, КОЈА ОПФАЌА ГРЕБЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО НОВ АСФАЛТ, НОВА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА СО ВГРАДЕНИ КАБЛИ И НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ, КАКО И ЦЕЛОСНА ОБНОВА И МОЛЕРИСУВАЊЕ НА ЅИДОВИТЕ, РЕКОНСТРУИРАНИ СЕ ПЛАФОНИТЕ КОИ СЕ СПУШТЕНИ ЗА 30 СМ СО ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЕ ПОГОЛЕМА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ПРОСТОРИИТЕ. ИСТО ТАКА ИЗВРШЕНА Е ЗАМЕНА НА ГРЕЕЊЕТО ВО УЧИЛИШТЕТО, ЗАМЕНЕТИ СЕ СТАРИТЕ РАДИЈАТОРИ СО НОВИ ВЕНТИЛОКОНВЕКТОРИ (ФЕНКОЛЕРИ) КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ И ГРЕЕЊЕ И ЛАДЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО НА НАЈСОВРЕМЕН НАЧИН. НИЗ УЧИЛИШТЕТО Е ИНСТАЛИРАН И НОВ СОВРЕМЕН ПРОТИВПОЖАРЕН АЛАРМЕН СИСТЕМ.
ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ВО ВИСИНА ОД 9.294.772 СО ДДВ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ СО ДРВОРЕД НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА, АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЖИКОЛ.





БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ, СЛУЖБИТЕ ОД МОЈ ОПШТИНАР И ЈП КОМУНАЛЕЦ НА МЕСТАТА КАДЕ ШТО БЕШЕ ПОТРЕБНО, ВО СЛУЧАЈОТ СО ПАДНАТИ БАНДЕРИ ОД КОИ ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ СЕ СОПСТВЕНОСТ НА ЕВН И ТЕЛЕКОМ И ИСКОРНЕТИ ДРВЈА ПО ПАТОТ, ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СИЛНИОТ ВЕТЕР НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

СЕ ЗАМОЛУВААТ ГРАЃАНИТЕ ДОКОЛКУ ИМААТ БИЛО КАКВА ПОТРЕБА ОД ИНТЕРВЕНЦИЈА ДА СЕ ЈАВАТ НА БЕСПЛАТНИТЕ ТЕЛ. БРОЕВИ 13 300 И 193.






ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МЕСНОСТА ОПИТНО ПОЛЕ, ВЕДНАШ ДО ПАМТРАК ПАТЕКАТА. НА ИСТОТО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕКВИЗИТИ, НОВА УРБАНА ОПРЕМА, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ НА ТЕРЕН НА ПОВИСОКИТЕ МЕСТА КАДЕ СЕ ОФОРМИ СНЕЖНА ПОКРИВКА ОД 10 ДО 30 СМ. СЕ ИНТЕРВЕНИРАШЕ СО ДВЕ ВОЗИЛА ПО ПАТНИТЕ ПРАВЦИ ДО МИХАЈЛОВО, БОЈАНЧИШТЕ, СТРАГОВО, БОХУЛА, ЧЕМЕРСКО, КРЊЕВО И ГОРНА И ДОЛНА БОШАВА, СО ШТО ИСТИТЕ СЕ ПРООДНИ ЗА СИТЕ ВОЗИЛА.




ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „ЈАДРАНСКА" ВО ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ СО ЦЕВКИ Ф250. ИСТАТА Е РЕАЛИЗАЦИЈА ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ И ИНВЕСТИТОР Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗГРАДЕНИ СЕ ДВЕ НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ И ВО СЕЛО ВАТАША.
НА ИСТИТЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ПОДНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И ЗАШТИТНА ОГРАДА, А ВО СЕЛО ВАТАША ЕДЕН ДЕЛ Е СО ГУМЕНА ПОДЛОГА СО ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, А ДРУГИОТ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА БЕТОН ГРУП М И М.







ПОСЛЕ 20 ГОДИНИ КОНЕЧНО СЕ ПРОБИВА УЛИЦАТА „КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ". ИНАКУ ОВАА БЕШЕ СЛЕПА УЛИЦА, И НА САМАТА ИМАШЕ ПОМОШЕН ОБЈЕКТ ГАРАЖА, НО СО МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ИМАТЕЛОТ НА ИСТАТА И ОПШТИНАТА, СЕ ПРОБИ. СЕГА СЛЕДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦАТА, СО ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" КАВАДАРЦИ, ОБЕЗБЕДИ 5000 САДНИЦИ ОД ЦРН БОР, СМРЧА, ДУГЛАЗИЈА И ЧЕМПРЕС ЗА ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ И ОКОЛНИТЕ МЕСТА.



СЕ РУШИ СТАРИОТ ДОМ ВО СЕЛО ДРЕНОВО.
ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА СЕ ПЛАНИРА СО ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ – ДОМ НА КУЛТУРА, КОЈ ЌЕ ИМА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА КОЈА ЌЕ СЛУЖИ ЗА РАЗНИ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЕЛОТО. ИСТОВРЕМЕНО САЛАТА ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ И КАКО СПОРТСКА САЛА ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО. ВО СКЛОП НА ИСТИОТ ОБЈЕКТ ЌЕ ИМА И СОБЛЕКУВАЛНИ И ТУШ КАБИНИ, КАКО И ПРОСТОРИЈА СО ПОСЕБЕН ВЛЕЗ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА.
НЕТО ПОВРШИНАТА НА ОБЈЕКТОТ ЌЕ ИЗНЕСУВА 470М2.



УЛИЦА „ВИШЕШНИЦА" ГО ДОБИВА СВОЈОТ ВИСТИНСКИ ЛИК! ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ СЕ СО ПОЛН ИНТЕНЗИТЕТ, ТРОТОАРИТЕ ОД ДВЕТЕ СТРАНИ СЕ ВО ЗАВРШНА ФАЗА, ПО ШТО СЛЕДУВА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА СО ВТОР СЛОЈ

ТРОТОАРИТЕ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД, А АСФАЛТИРАЊЕТО Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД КФВ СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ИЗВЕДУВАЧ Е ЖИКОЛ





ПОПЛОЧЕНА Е НОВАТА ПРИСТАПНА ПАТЕКА ДО ГРАДСКИ СТАДИОН
НА ПАТЕКАТА БЕА ПОСТАВЕНИ ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ. ИСТАТА СЕ ПРОСТИРА НА ПОВРШИНА ОД 120 М2, СО ДОЛЖИНА ОД 40 И ШИРИНА 3 МЕТРИ.

ПОПРАВКА НА СТАРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ, КАКО И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР



НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С. СОПОТ!
НА ИГРАЛИШТЕТО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, СЕ МОНТИРАА НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ЗАШТИТНИ ОГРАДИ, ПО ШТО ИСТОТО И ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ КАВАДАРЦИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА УЛ. „7-МИ СЕПТЕМВРИ", КОЈ ЌЕ ФУНКЦИОНИРА КАКО ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА ОД РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ.
ВРЕДНОСТА НА ОВОЈ ДОГОВОР Е 6.332.282,77 ДЕНАРИ СО ДДВ, ОД КОИ 35 ПРОЦЕНТИ СЕ СРЕДСТВА ОД БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, А 65 ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ЗАПОЧНА СО ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛНИТЕ СЛИВНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ НАОЃААТ НА ИСТОЧНАТА СТРАНА ОД ГРАДОТ КАКО МЕРКА ЗА ЗАШТИТА ОД ЕРОЗИЈА. ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНО ШУМАРСКАТА СТРУКА СЕ ПОШУМУВАШЕ НА М.В. ГЛИШИЧКИ РИД И БЕА ПОСАДЕНИ САДНИЦИ ОД БАГРЕМ, ЧЕМПРЕС И ЦРН БОР. ОВАА АКЦИЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ И НА ДРУГИ СЛИЧНИ ПОДРАЧЈА, КАДЕ ЌЕ БИДАТ ЗАСАДЕНИ ВКУПНО 5000 САДНИЦИ.



ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА НИСКО НАПОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ НА ИЗЛЕЗОТ ОД СЕЛО ВАТАША И ПОЧЕТОКОТ НА ВЕЛОСИПЕДСКО - ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА.
ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ КАКО И ВКУПНО 30 КАНДЕЛАБРИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, ОД КОИ СЕДУМ СЕ ПОСТАВЕНИ НА ОВОЈ ПОТЕГ



# НОВА ГОДИНА

ТРАДИЦИОНАЛНО ВО ПРВИТЕ МИНУТИ ОД НОВАТА ГОДИНА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ГИ ПОСЕТИ ВРАБОТЕНИТЕ КОИ БЕА НА СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА НОВОГОДИШНАТА НОЌ ВО КОЛ ЦЕНТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА, БРЗА ПОМОШ, ОПШТА БОЛНИЦА, ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА И РЦ ЈУГ ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА КАВАДАРЦИ И ПРИТОА ИМ ВРАЧИ ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ.





АТМОСФЕРАТА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ ЗА НОВАТА ГОДИНА! СРЕЌНА НОВА 2023 ГОДИНА И СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!





# БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

БАДНИКОВА ПОВОРКА 2023

ВО ПРЕСРЕТ НА НАЈГОЛЕМИОТ ПРАВОСЛАВЕН ПРАЗНИК БАДНИК, МПЦ ЗАЕДНО СО СВЕШТЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЦИ, ОРГАНИЗИРАА ТРАДИЦИОНАЛНА БАДНИКОВА ПОВОРКА, ОД ХРАМОТ „СВ. ПЕТКА" ПО УЛ. „ИЛИНДЕНСКА" СЕ ДО ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ, НА КОЈА УЧЕСТВУВАА НАД 150 ДЕЦА УЧЕСНИЦИ ПРИДРУЖУВАНИ ОД СВЕШТЕНИ ЛИЦА. БЕА ПРЕЧЕКАНИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, И СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, И ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ БАДНИКОВИ ПАКЕТЧИЊА, КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КАМ МАРКЕТИ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







ВО ПРЕСРЕТ НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ ДЕНЕСКА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО НЕКОЛКУ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ ОРГАНИЗИРАШЕ ЗАЕДНИЧКИ РУЧЕК, СО КОЈ НА СИТЕ ГРАЃАНИ ИМ ПОНУДИВМЕ ДРУЖЕЊЕ И СЛАВЕЊЕ ТОКМУ НА ОВОЈ ГОЛЕМ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК, КОЈ ВЕРУВАМЕ ЌЕ СТАНЕ ТРАДИЦИОНАЛЕН. БЕА ПОДЕЛЕНИ ПОВЕЌЕ ОД 1500 ПОРЦИИ РУЧЕК, ПРИГОТВЕНИ ОД ВЕШТИТЕ РАЦЕ НА НАЈГОЛЕМИТЕ МАЈСТОРИ ВО МАКЕДОНИЈА, НА КОИ ЗА ДА ИМ ЈА ПОКАЖЕМЕ БЕСКРАЈНАТА БЛАГОДАРНОСТ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ ИМ ДОДЕЛИ БЛАГОДАРНИЦИ И КОЛЕКЦИЈА ВИНА ОД ВИНАРИЈА КИМОВ.

СЕКАКО ДЕКА ОВА НЕ БИ БИЛО ВОЗМОЖНО БЕЗ НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД СЛОГА ПРОМ КАВАДАРЦИ, БЛАЖЕ САКАЛИЕВ, БАДЕВ ДООЕЛ, ЖИТО ЈУГ, ГРАЦИЈА ПРОМ, МАРКЕТИ МИНЕКС, РЕСТОРАН МОКЛИШТЕ, КОЖУВЧАНКА, ПИЉАРА И ПРОДАВНИЦА ЗА ЗДРАВА ХРАНА АЦЕ ПРОМ, ПЕКАРА „СОФИ", ДИМОВ ТЕ-ДИ МАКАРЕНА С. ВАТАША, ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ПАНЧЕ АРСОВСКИ,СЕМЕЈНА ВИНАРИЈА ПЕШКОВ, ВИНАРИЈА КИМОВ, АНСИ ФРЕШ НЕГОТИНО,РЕСТОРАН ПРОНТО ВРУТОК, НА КОИ ОД СРЦЕ ИМ БЛАГОДАРИМЕ!

ЗАТОА ШТО МАГИЈАТА НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ Е ТОКМУ ВО СПОДЕЛУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКИ МОМЕНТИ.



ЌЕ СЕ ГРАДИ ПРВИОТ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН!

ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СЕ ОДРЖА ДЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН, СО ЕДНА И ЕДИНСТВЕНА ТОЧКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА – „ИЗНАОЃАЊЕ НА МОДЕЛ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР". НА ИСТИОТ ПРИСУСТВУВАА ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТЕ ОПШТИНИ ВО ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН.

ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ЕДНОГЛАСНО БЕШЕ ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА МОДЕЛ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СТАЦИОНАРОТ КОЈ ЌЕ БИДЕ ФИНАНСИРАН РЕГИОНАЛНО ОД СИТЕ ОПШТИНИ И ВО ВРЕДНОСТ ОД 10.216.875 ДЕНАРИ.



ИЗГРАДБАТА Е ФИНАНСИРАНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА И ИСТАТА СЕ ОЧЕКУВА ДА ЗАПОЧНЕ НА ПРОЛЕТ, А СО НЕГО ЌЕ УПРАВУВА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ.

ОВА Е ПРВ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР НА НИВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОЈ ЌЕ ОЗНАЧИ ПОЧЕТОК НА ЗГРИЖУВАЊЕ НА МИЛЕНИЦИ ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ КОН НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ИСТИТЕ ВО ИДНИНА.

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ИМАА СОСТАНОК СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СЛУЖБИТЕ ОД ОПШТИНАТА, НА КОЈ СЕ ПОТПИША МЕЃУСЕБЕН ДОГОВОР ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА ПОДИГАЊЕ НА НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ВО НАШИОТ ГРАД.

ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД СЕ ПЛАНИРА ДА СЕ ФОРМИРААТ И РАБОТНО ТЕЛА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ, ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



ДЕЧИЊАТА КОИ ОД ЧЕТИРИТЕ ГРУПИ, ОСВОИЈА ПРВО МЕСТО ВО ТРКАТА СО ДЕДО МРАЗОВЦИ, КОЈА БЕШЕ ВО СКЛОП НА ПРЕДНОВОГОДИШНИТЕ АКТИВНОСТИ, СИ ГИ ПОДИГНАА СВОИТЕ ПОДАРОЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ








ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА СТУДИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ „ИНСТАЛИРАЊЕ НА ПОСТРОЈКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ „ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ“ ДОО ОД КАВАДАРЦИ".

СТУДИЈАТА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ НА ПРИСУТНИТЕ ИМ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНА ОД ЕКСПЕРТСКИОТ ТИМ ШТО ЈА ИЗГОТВИ ИСТАТА. НА ЈАВНАТА РАСПРАВА ПРИСУСТВУВАА ПРЕДСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ИНВЕСТИТОРОТ, ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ВРАБОТЕНИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ИНСПЕКЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ, ПРАТЕНИЦИ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ И СОВЕТНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ГРАЃАНИ.



ЗА МНОГУ ГОДИНИ „БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ"

ОВАА ГОДИНА НА ПОТОПУВАЊЕТО НА ГРАДСКИОТ МОСТ КАВАДАРЦИ ЧЕСНИОТ КРСТ ВО РАЦЕТЕ НА АЛЕКСАНДАР РИСТЕСКИ, ДОДЕКА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ НАЈСРЕЌНИОТ БЕШЕ РИСТЕ ДИНЕВ. ИМ ПОСАКУВАМЕ МНОГУ ЗДРАВЈЕ, БЛАГОДЕТ И СРЕЌА, НИВ И НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

ДА ПОТСЕТИМЕ ДЕКА ПРЕД ПОТОПУВАЊЕТО НА КРСТОТ ПРЕТХОДЕШЕ БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА ВО ЦРКВАТА „СВ ДИМИТРИЈА", ПО КОЈА СВЕШТЕНИТЕ ЛИЦА ЗАЕДНО СО ПОВОРКАТА ПЕЕЈЌИ ЛИТИЈА СТИГНАА ДО ГРАДСКИОТ МОСТ.







СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ ПОШУМУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПАРК ЉУПЧО ШКАРТОВ СО САДЕН МАТЕРИЈАЛ СО ЦРН БОР, ОДНОСНО 200 СТЕБЛА ВО ГОРНИОТ ДЕЛ ОД САМИОТ ПАРК.

И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ИСТО ТЕМПО.

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ .... 151 ГОДИНА ОД РАЃАЊЕТО НА АПОСТОЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДЕЛО. ВЕЧНА СЛАВА!

"ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА СЕ КРИЕ ВО ВНАТРЕШНОТО ВОСТАНИЕ. КОЈ МИСЛИ ИНАКУ ДА СЕ ОСЛОБОДИ МАКЕДОНИЈА, ТОЈ СЕ ЛАЖЕ И СЕБЕСИ И ДРУГИТЕ." ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



# НАСТАНИ

ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО, МИНИСТЕРОТ ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ НА СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ТОДОР ЕФРЕМОВ, МУ ГО ДОДЕЛИ РЕШЕНИЕТО ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПРИСТАПНИ ПАТИШТА.

ОДНОСНО СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ НА МВ МЕСТО ВИКАНО ШАМАЦИТЕ – ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ВКУПНАТА ОДОБРЕНА ВРЕДНОСТ ИЗНЕСУВА 1.000.000ДЕНАРИ.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СЛУЖБИТЕ ОД СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ЗА ПРВПАТ ЈАВНО ГО ПРЕЗЕНТИРАА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ПРЕД ПРЕТСТАВНИЦИ НА КОМПАНИИ. ЦЕЛТА НА ОВОЈ СОСТАНОК БЕШЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ПОГОЛЕМО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ЗАРАДИ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ И КОНКУРЕНТНОСТ ПРИ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, ПРИ ШТО ТОЈ ЈА ИНФОРМИРАШЕ ЈАВНОСТА ДЕКА ЗА ГОДИНАВА СЕ ПРЕДВИДЕНИ 92 ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА И СО УПРАВИТЕЛОТ НА „НУЛА ОТПАД" НА КОЈА СЕ СКЛУЧИ НОВ ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ СООДВЕТНИ КОРПИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДНИ БАТЕРИИ ВО СИТЕ ЈАВНИ И ЈАВНИ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ КАКО И ПОГОЛЕМИ КОНТЕЈНЕРИ ОД 1,1 МЕТАР КУБЕН, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ОТПАД, А ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ЌЕ ИМА И БЕСПЛАТНА ОБУКА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ИСТИОТ. ИСТО ТАКА ЌЕ СЕ ОБЈАВИ И ЕКО ЛИНИЈА НА КОЈА ШТО ГРАЃАНИТЕ КОИ ШТО ИМААТ ТАКОВ ВИД НА ОТПАД ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ОСТАВАТ СВОИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТИТЕ ДА БИДАТ ПРЕЗЕМЕНИ ОД НИВНИТЕ ДОМОВИ.



МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА БЕШЕ ВО ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ДОСЕГАШНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ГРАДИНКИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ОБЈЕКТИ, КАКО И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПОДОБРИ УСЛОВИ НА ДЕЧИЊАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО СЕЛАТА ДРЕНОВО И СОПОТ.

НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА ИЗГРАДБАТА НА ДОМОТ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ КОЈ ВЕЌЕ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА ВЛАДАТА, А ВО ПРИСУСТВО НА ПЕНЗИОНЕРИ ОД КАВАДАРЦИ, СТАНА ЗБОР И ЗА ИЗГРАДБА НА СТАРЕЧКИ ДОМ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ СО СОДРЖИНИ ЗА НИВ.





ВО КАВАДАРЦИ НЕДОСТИГААТ БРАВАРИ, ЗАВАРУВАЧИ, МЕТАЛУРШКИ ТЕХНИЧАРИ, ЕЛЕКТРИЧАРИ, МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА...

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОЧНУВАЈЌИ ОД СЛЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА ЌЕ ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЦЕСОТ НА УПИСНАТА ПОЛИТИКА ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И ЌЕ ГИ ПРОДОЛЖИ АКТИВНОСТИТЕ НА КАМПАЊАТА„УЧИ ПАМЕТНО РАБОТИ СТРУЧНО".

ВО ОПШТИНСКАТА САЛА СЕ ОДРЖА РАБОТНА СРЕДБА СО КОМПАНИИ, ДИРЕКТОРИ НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА КОЈА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ОКОЛУ РЕАЛНАТА ПОТРЕБА ОД СТРУЧЕН КАДАР КОЈ ЌЕ ГО ПРОДУЦИРААТ КАВАДАРЕЧКИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА. БЕШЕ НАГЛАСЕНО ДЕКА ГОЛЕМ Е НЕДОСТИГОТ НА РАБОТНА СИЛА ОД ПОВЕЌЕ ПРОФИЛИ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ПОГОДЕНИТЕ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И СИРИЈА

НА ИНИЦИЈАТИВА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ, 19:00 ЧАСОТ БЕШЕ ЗАКАЖАНА ВОНРЕДНА ШЕСТТА ПО РЕД СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ЦЕЛ ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2023 ГОДИНА, ЗА ПОГОДЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И СИРИЈА.

ВО ОВИЕ ТЕШКИ МОМЕНТИ ЗА ДВЕТЕ ДРЖАВИ, СЕКОЈ КОЈ МОЖЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОКАЖЕ СВОЈАТА СОЛИДАРНОСТ И ХУМАНОСТ НА ДЕЛО.

СОЧУВСТВО ДО СЕМЕЈСТВАТА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ, А НА ПОВРЕДЕНИТЕ ИМ ПОСАКУВАМЕ БРЗО ЗАЗДРАВУВАЊЕ . КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ ОДОБРИ 900.000 ДЕНАРИ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСИТЕ ВО ТУРЦИЈА И СИРИЈА.

ЕДНОГЛАСНО БЕШЕ ОДЛУЧЕНО СУМА ОД 600.000 ДЕН ДА БИДЕ УПЛАТЕНА НА ТРАНСАКЦИОНА СМЕТКА ДОБИЕНА ОД ТУРСКАТА АМБАСАДА ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО Р.ТУРЦИЈА А СУМА ОД 300.000 ДЕНАРИ ДА БИДЕ УПЛАТЕНА НА СМЕТКАТА НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ СО НАМЕНА ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ЗЕМОТРЕСОТ ВО СИРИЈА. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАВАДАРЦИ ГОСПОДИНОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИНФОРМИРАШЕ ДЕКА ВЕКЕ УТРЕ И ЗАДУТРЕ КОН НАСТРАДАНИТЕ ПОДРАЧА КЕ ТРГНАТ 10 ШЛЕПЕРИ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ОД КОИ 5 СЕ ДОНАЦИЈА ОД ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ А 5 СЕ ДОНАЦИЈА ОД ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛ НА Р.ТУРЦИЈА ВО БИТОЛА ГОСПОДИНОТ АЈДОВАН АДЕМОСКИ.

НА КРАЈ БЕШЕ УПАТЕН И ОТВОРЕН АПЕЛ ДО ГРАЃАНИТЕ И ПРЕД СЕ ДО БИЗНИС СЕКТОРОТ ЗА ОРГАНИЗИРАНО ПРИБИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКА И МАТЕРИЈАЛНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ПОДРАЧЈА СО НАПОМЕНА ДЕКА ПО МЕДИУМИТЕ КЕ БИДЕ ОБЈАВЕН СПИСОК НА МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА КОИ СЕ ПОТРЕБНИ И МОЖАТ ДА СЕ СОБИРААТ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ НЕГОТИНО, РОСОМАН И ДЕМИР КАПИЈА, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОМПАНИЈАТА КОЈА ГИ ОДРЖУВА АГРОМЕТЕОРОЛОШКИТЕ МЕРНИ СТАНИЦИ, АГРОНОМИ И ЛОЗАРОПРОИЗВОДИТЕЛИ ИМАА РАБОТЕН СОСТАНОК НА КОЈ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА НАЧИНОТ И ФОРМАТА НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ПРОГНОЗИТЕ КОИ ЌЕ ГИ ДАВААТ ОВИЕ МЕРНИ СТАНИЦИ, ОДНОСНО ЗА ТИПОТ И ВРЕМЕТО НА РАНА ИНФЕКЦИЈА НА ЛОЗОВИТЕ НАСАДИ И ТЕРМИНИТЕ КОГА Е НАЈИДЕАЛНО ДА СЕ ТРЕТИРААТ ИСТИТЕ.

БЕШЕ ОДЛУЧЕНО ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ КРЕИРА ВЕБ АПЛИКАЦИЈА КАКО И ФЕЈСБУК ПРОФИЛ ПРЕКУ КОИ ШТО ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ИМААТ ПРИСТАП ДО СИТЕ ПОТРЕБНИ ИНФОРМАЦИИ ШТО ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ СЕ ОБЈАВУВААТ ЕДНАШ ИЛИ ДВА ПАТИ НЕДЕЛНО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ. ПО ИЗГОТВУВАЊЕТО НА ОВИЕ ИНФОРМАТИВНИ СОДРЖИНИ, ЌЕ СЕ ОДРЖИ ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ОБУКА НА СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛОЗАРОПРОИЗВОДИТЕЛИ ЗА НАЧИНОТ НА НИВНО КОРИСТЕЊЕ, А ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ БИДАТ ОБЈАВЕНИ ВРЕМЕТО И ТЕРМИНОТ ЗА ИСТАТА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УСАИД ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ, ВО КОЈ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПАРТНЕР.

НА ИСТИОТ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНАТА СО ЦЕЛ ДА ПОСТИГНЕМЕ ПОВИСОКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ И ПОДОБАР СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# СПОРТ

НА ИНИЦИЈАТИВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ФФМ, СЕ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДНОСНО ДОГРАДБА НА ЈУЖНАТА ТРИБИНА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ТИКВЕШ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е БАУЕР ОД СКОПЈЕ.





# ТППЕ КАВАДАРЦИ

АЛЕКСАНДАР ЧАДАМОВ, ТРАЈКОВ СТОЈАНЧЕ, ДИМКОВ ДОНЧО, СИМОНОВ ВАНЕ, ЈОШЕВ АТАНАС, ДРВАРОВ ДРАГАН, МАНЕВ ТОДЕ, СТОЈЧЕВ ЉУПЧЕ И ЗОКОВ АЛЕКСАНДАР СЕ ДЕВЕТТМИНАТА ПОЖАРНИКАРИ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ КОИ ТРГНАА НА ПАТ КОН РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА. СО ДВЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА И СООДВЕТНА ОПРЕМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД НЕПОГОДИ, ЗАМИНУВАА ДА ПОМОГНАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕОНОТ ЗАФАТЕН ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС. НАШИТЕ ПОЖАРНИКАРИ БЕА ТАМУ СЕ ДОДЕКА БЕШЕ ПОТРЕБНА ПОМОШ.
ЗАТОА ШТО ВИСТИНСКИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ПОСТОЈАТ ЗА ДА ДЕЛИМЕ СО НИВ И ДОБРО И ЛОШО.
СО СРЕЌА!



# СВ ТРИФУН

ТРАДИЦИОНАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА ВО ЗНАК НА ПРАЗНУВАЊЕТО И ПРОШЕТКА ПО ИЗЛОЖБЕНИТЕ ШТАНДОВИ СО ВИНО И ПРОИЗВОДИ ОД ВИНО, НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ! КАКО, АКО НЕ СО ОНА ШТО НЕ ОДРЖУВА НИЗ ВЕКОВИТЕ, МАКЕДОНСКО ОРО, ВО ИЗВЕДБА НА НАШИТЕ КУЛТУРНИ АМБАСАДОРИ ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ ТИКВЕШ!

УШТЕ ЕДНАШ ВИ ГО ЧЕСТИТАМЕ ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН.

НАЗДРАВЈЕ И ЗА МНОГУ ГОДИНИ!






ТУКА КАЈ ШТО ВЕЧНО СОНЦЕ СЈАЕ, ТУКА КАЈ ШТО ИМА ПОЛИЊА СО ГРОЗЈЕ, ТУКА ВО ТИКВЕШИЈАТА И ОВАА ГОДИНА ГО СЛАВИМЕ ПРАЗНИКОТ НА ВИНОТО, ЧУВАР НА ЛОЗЈАТА И ЗАШТИТНИК НА ЛОЗАРИТЕ СВЕТИ ТРИФУН.

ПО ТОЈ ПОВОД И ОВАА ГОДИНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИРЕДИ КОКТЕЛ ПРИЕМ НА КОЈ ОСВЕН ДОМАЌИНИТЕ, ПРИСУСТВУВАА АМБАСАДОРИ ВО МАКЕДОНИЈА ОД ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВМРО ДПМНЕ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, АКАДЕМИК ЉУПЧО КОЦАРЕВ И ДРУГИ, СЕКАКО ЗБОГАТЕН СО ДОБРО ВИНО И УБАВА МУЗИКА.

НАЗДРАВИЈА ЗА ЉУБОВ, СРЕЌА, ЗА СВЕТИ ТРИФУН, ЗА БЕРИЌЕТ И БОГАТ РОД, ЗА ТРАДИЦИЈАТА КОЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ СЕ ЧУВА И НЕГУВА.

НЕКА Е ЧЕСТИТ СВ. ТРИФУН

НА ЗДРАВЈЕ И ЗА МНОГУ ГОДИНИ









# ДОНАЦИЈА

15 КАМИОНИ СО ВОДА, ЈОРГАНИ, ПЕРНИЦИ И БЕБЕШКА ХРАНА ТРГНАА ОД КАВАДАРЦИ КОН ПОГОДЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО ТУРЦИЈА.

СТАНУВА ЗБОР ЗА ДОНАЦИЈАТА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, ФОНДАЦИЈАТА „НИКОЛА ЈАНЧЕВ“ И ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛ НА ТУРЦИЈА ВО БИТОЛА, АЈДОВАН АДЕМОВСКИ.

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**